**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИ
Комитет за истрага на воздухопл...
несреќи и сериозни инциденти
Бр. 05- 32/1
23.08 2022 год
СКОПЈЕ

КИНСИВ

# ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ПЛАН
# на
# Комитет за истрага на воздухопловни несреќи
# и сериозни инциденти
# за 2023 година

**Скопје, Август 2022**

СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ....... 2
2. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ ....... 2
3. ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ....... 3
3.1 РАСХОДНА СТАВКА 401/402- ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА ....... 3
3.2 РАСХОДНА СТАВКА 404 – НАДОМЕСТОЦИ ....... 4
3.3 РАСХОДНА СТАВКА 420 - ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ ....... 4
3.4 РАСХОДНА СТАВКА 421 – КОМУНАЛНИ УСЛУГИ, ГРЕЕЊЕ, КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ 4
3.5 РАСХОДНА СТАВКА 423 – КАНЦЕЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛИ, ОБЛЕКА, ОПРЕМА И СИТЕН ИНВЕНТАР ....... 5
3.6 РАСХОДНА СТАВКА 424 – УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ ....... 6
3.7 РАСХОДНА СТАВКА 425 - ДОГОВОРНИ УСЛУГИ, ИСПЛАТИ ПО РЕШЕНИЈА, ЗАКУПНИНИ ....... 6
3.8 РАСХОДНА СТАВКА 426 - РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА, СЕМИНАРИ, ЧЛАНАРИНИ ....... 7
3.9 РАСХОДНА СТАВКА 480 – СПЕЦИЈАЛНА И КОМУНИКАЦИСКА ОПРЕМА ....... 8
3.10 РАСХОДНА СТАВКА 464 - ПЕНЗИОНИРАЊЕ И СМРТ НА ВРАБОТЕН ....... 8
4. ПРИЛОЗИ ....... 9

## 1. ВОВЕД

Врз основа на одредбите од Законот за воздухопловство и Деловник за работа на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, Комитетот доставува Годишен финансиски план за работа за наредната 2023 година до Владата на Република Северна Македонија.

Истиот е неопходен заради непречено функционирање на Комитетот, при реализирање на своите активности. При дефинирање на Буџетот на Комитетот се водеше сметка да се одговори на потребите за спремност во извршувањето на задачите, но и постепено доопремување на истиот.

Во текот на своето работење во истрагите на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти Комитетот потребно е да ангажира и надворешни експерти и стручни лица од областа на воздухопловството или од области потребни за релевантни одговори во истрагите. Од тие причини, а согласно ANEX 13 и обврските кои ги имаме преземено од ИКАО, како за сталните истражители, така и за надворешните истражители-експерти Комитетот е должен да обезбеди адекватна опрема и облека за различни услови, но и континуирани обуки во релевантни организации кои се спроведуваат во и надвор од државата.

Во планот за 2023 година акцент е ставен на доопремување на Комитетот со специјална опрема и облека, продолжување на обврските за континуирани обуки и тековни расходи во работењето.

## 2. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Согласно Чл. 17 од Деловникот за работа на Комитетот, средствата за работа и опрема се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија. Воедно, Комитетот може да стекнува средства и опрема и од други извори (домашни и странски донации) и други

средства кои следат за вакви Комитети или Центри за истрага на воздухопловни несреќи (на пример: од средствата кои доаѓаат од страна на EUROCONTROL).

## 3. ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ

Комитетот постојано бара начин за подобрување на финансирањето и известувањето. Планираните расходи на Годишниот финансиски план за работењето на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти за 2023 година се утврдени врз основа на потребните финансиски средства за реализација на програмските определби и цели на работењето, проекти, членство во меѓународни организации и потреба за поврзување и соработка со други надлежни Комитети во соседните земји.

**Вкупно планирани расходи за 2023 година се: 17.265.000,00 денари**.

### 3.1 РАСХОДНА СТАВКА 401/402- ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА

Во Расходната ставка 401- Плати и надоместоци на плата за 2023 година, планиран е износ на средства од **4.151.000,00 денари**.

Во расходна ставка 402 - износ од **1.518.000,00 денари.**

Вкупно на име на плати и надоместоци на плата **5.669.000,00 денари.**

Овие средства ќе се искористат за покривање на основани плати, надоместоци на плата, здравствено и пензиско осигурување и надоместок за успешност за 4 вработени, како и за опасност по здравје на работа при изрвшување на истрагите во специфични услови на терен. Примањата на вработените треба да бидат во согласност со домашите регулативи во делот на платите на авио индустријата за сертифициран воздухопловен персонал во Република Северна Македонија. Имено, платите на вработените мора да бидат на она ниво што ќе обезбеди мотивациона активност за остварување на квалитетен надзор, да создава услови за подигање на одговорноста во работењето на Комитетот.

### 3.2 РАСХОДНА СТАВКА 404 – НАДОМЕСТОЦИ

Расходна ставка 404 – оваа ставка се брише заради неможност да бидат употребени согласно законските ограничувања за избрани и именувани лица.

### 3.3 РАСХОДНА СТАВКА 420 - ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ

Во Расходна ставка 420 - Патни и дневни расходи, се вклучени планирани трошоци на вкупен износ од **1.950.000,00 денари**. Износот на планираните трошоци за дневници и службени патувања на износ од 1.950.000,00 денари за 2023 година е согласно потребата за меѓународна соработка. Во овие трошоци се вклучени и хотелските услуги во странство, превоз и останатите зависни трошоци и хотелски услуги во земјата.

**Генерална забелешка:**

Одредени службени патувања, состаноци, обуки, конференции, симпозиуми, конгреси, семинари, работилници и форуми, не можат да се планираат и предвидат однапред и ќе зависат од потребите на работењето на Комитетот. Воедно се планира едукација за надградба на информатички знаења и учество на работилници неопходни за извршување на дејноста и останати надоместоци поврзани со едукација на вработените заради зголемување на нивната стручност.

### 3.4 РАСХОДНА СТАВКА 421 – КОМУНАЛНИ УСЛУГИ, ГРЕЕЊЕ, КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ

Во Расходната ставка 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт е планиран вкупен износ од **520.000,00 денари** и тоа:

- За трошоци за електрична енергија планирани се средства во износ од **62.000,00 денари,**

- За трошоци за услуги на топлификациона мрежа **60.000,00 денари,**
- За гориво за возила се планирани **290.000,00 денари.**

Во Расходната ставка 421 трошоци за комунали услуги планирани се средства во износ од **30.000,00 денари** кои ќе се искористат за покривање на трошоците за вода и одржување на влез каде се деловните простории.

Други трошоци: регистрација на возила, масла за возила, пошта, во износ од **78.000,00 денари.**

## 3.5 РАСХОДНА СТАВКА 423 – КАНЦЕЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛИ, ОБЛЕКА, ОПРЕМА И СИТЕН ИНВЕНТАР

Во Расходната ставка 423 – Канцелариски материјали, облека, опрема и ситен инвентар, во текот на 2023 година, планирани се средства во износ од **875.000,00 денари,** од кои:

- **50.000,00** денари ќе се искористат за обезбедување на канцелариски материјали, неопходни за извршување на работните задачи на вработените;
- **825.000,00 денари** ќе се искористат за теренска ХТЗ опрема (теренски јакни, чевли, пантолони, комбинезони за заштита од штетни хемиски влијанија, маски, елеци за обележување и др.).

Според Анекс 13 и Док.9756 - (Manual of Aircraft Accident and Incident Investigation) на ИКАО опремата која Комитетот е должен да ја поседува за правилно вршење на истраги е:

- Опрема за обележување на теренот на несреќата, како и за земање на мостри од воздухопловот за вршење лабараториски анализи,
- ГПС, фото апарат со различни објективи за сликање, позиционирање на деловите во несреќите, ласер скенер,
- Мини лабараторија за анализи на остатоци од ликвиди на лице место од воздухопловна несреќа,
- Двогледи, светла, опрема за престој и преживување на терен, како и друга специјализирана опрема дефинирана според ИКАО стандардите за истрага на несреќи согласно АНЕКС 13,

Потребна е специјална облека и опрема за лична заштита од токсични материи на сите учесниците во истрагата и престојување на местото на несреќата, и за разни временски и теренски услови.

Нашата држава се стреми да биде опремена и екипирана и да даде релевантен одговор на истрагите на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти.

Сето ова е надгледувано од ИКАО (Светска организација за цивилна воздушна пловидба) преку што се оценува работата на Комитетот и спремноста на државата за постапување во услови на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти.

## 3.6 РАСХОДНА СТАВКА 424 – УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ

Во Расходната ставка 424 – Услуги за одржување и заштита планирани се средства во износ од **450.000,00 денари**. Средствата ќе се искористат за покривање на трошоци за поправки и заштита на просториите на Комитетот и тоа:

- Редовно одржување на деловните простории (поправки и чистење) во износ од **70.000,00 денари;**
- Одржување, поправка и сервисирање на возен парк во износ од **200.000,00 денари;**
- Набака и замена на авто гуми во износ од **60.000,00 денари;**
- Поправка и одржување на опрема за ладење и климатизација во износ од **10.000,00 денари;**
- Одржување на софтвери и програми во износ од **65.000,00 денари;**
- Друго одржување.

## 3.7 РАСХОДНА СТАВКА 425 - ДОГОВОРНИ УСЛУГИ, ИСПЛАТИ ПО РЕШЕНИЈА, ЗАКУПНИНИ

Во Расходната ставка 425 – Договорни услуги, исплати по решенија, закупнини во текот на 2023 година се планирани вкупни средства во износ од **3.800.000,00 денари** и тоа:

- Планираниот износ за наем на деловни простории е во износ од **400.000,00 денари;**
- Користење на консултантски услуги или експерти (М-НАВ, МВР, надворешни експерти) од различни области - истражители во воздухопловството каде со

договори за соработка се регулира нивниот статус за подигање на нивото на квалитет при истражување на потенцијални воздухопловни несреќи во износ од **2.950.000,00 денари**. Оваа планирана ставка би се реализирала по потреба;

- Осигурување на моторни возила во износ од **46.000 денари**;
- Правни, адвокатски и нотарски услуги за документација во износ од **250.000,00 денари;**
- Преводи на извештаи, прирачници и друга стручна литература, услуги за копирање, печатење, осигурување на вработените, во износ од **300.000,00 денари;**
- Други финансиски услуги **60.000 денари.**

### 3.8 РАСХОДНА СТАВКА 426 - РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА, СЕМИНАРИ, ЧЛАНАРИНИ

Во Расходната ставка 426 - Репрезентација, семинари, членарини и други давачки во 2023 година предвидени и планирани се вкупни средства во износ од **3.001.000,00 денари** и тоа:

- **50.000,00 денари** за членарини за членство и учество на Комитетот во разни институции. Трошоците од оваа расходна ставка ќе се искористат со цел Комитетот да работи според одредени Стандарди и Препорачани практики и исполнување на специфични обврски поврзани со сите аспекти на работењето;
- **151.000,00 денари** за трошоци за репрезентација. Средствата се предвидени за интензивна активност за соработка на Комитетот со други Комитети од соседството;

- **2.800.000,00 денари** за трошоци за семинари. Средствата од оваа расходна ставка ќе се искористат за учество на семинари, што вклучува разни посети и соработка со надлежните Комитети од соседните земји за унапредување на знаењата и комуникација со другите Комитети.

Според Анекс 13 од ИКАО должни сме да вршиме испитување на несреќи и сериозни инциденти. За соодветно извршување на задачите потребни се одредени финансиски средства. Според Док.9756 на ИКАО (Упатство за воздухопловни несреќи и Регулативата на Европскиот парламент) членовите на Комитетот се должен да биде соодветно обучени.

Комитетот е должен да на својот персонал му овозможи континуирани обуки, освежувања и постојано надградување на знаењата од областа на истрагите како би бил релевантен за спроведување на истраги според меѓународните стандарди.

Сето ова е надгледувано од ИКАО (Светска организација за цивилна воздушна пловидба) преку што се оценува работата на Комитетот и спремноста на државата за постапување во услови на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти.

## 3.9 РАСХОДНА СТАВКА 480 – СПЕЦИЈАЛНА И КОМУНИКАЦИСКА ОПРЕМА

Во Расходната ставка 480 Специјална и комуникациска опрема се планирани вкупни средства во износ од **800.000,00 денари** и тоа:

- **90.000,00 денари** за приклучна приколка за специјална опрема за излегување на терен за истраги на воздухопловни несреќи;
- **430.000,00 денари** за информатичка опрема, комуникациска и видео опрема;
- **72.000,00 денари** канцелариска опрема;
- Друга опрема **200.000,00 денари.**

## 3.10 РАСХОДНА СТАВКА 464 - ПЕНЗИОНИРАЊЕ И СМРТ НА ВРАБОТЕН

Оваа расходна ставка ја воведовме за прв пат, за жал поучени од искуството кое ни се случи со наш вработен во 2021 година.

Планирани средства во износ од **200.000,00 денари.**

## 4. ПРИЛОЗИ

**Табеларен преглед на финансиски план**

| Ред.бр. | Ставка | Опис | Износ (денари) |
|---|---|---|---|
| 1 | 401 | Плата | 4.151.000,00 |
| 2 | 402 | Плата | 1.518.000,00 |
| 3 | 420 | Патни и дневни расходи | 1.950.000,00 |
| 4 | 421 | Комуналии | 520.000,00 |
| 5 | 423 | Канцелариски материјали, облека и опрема | 875.000,00 |
| 6 | 424 | Услуги за одржување | 450.000,00 |
| 7 | 425 | Исплата по решение, закупнини | 3.800.000,00 |
| 8 | 426 | Репрезентација, семинари, членарини | 3.001.000,00 |
| 9 | 480 | Специјална и комуникациска опрема | 800.000,00 |
| 10 | 464 | Пензионирање и смрт на вработен | 200.000,00 |
| | | **ВКУПНО :** | **17.265.000,00** |

Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти

Претседател

Зоран А. Илиевски